ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ИЗГРАДБА ОДРЖУВАЊЕ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И ХИДРОТЕХНИЧКИ ОБЈЕКТИ НИСКОГРАДБА ОХРИД
Бр. 04-360/15
11.06. 2025 год.
ОХРИД

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), Директорот на Јавното претпријатие за изградба, одржување, реконструкција на локални патишта и хидротехнички објекти НИСКОГРАДБА ОХРИД-Охрид донесе

**О Д Л У К А**

**За невршење избор на кандидат за вработување на административен службеник по Јавен оглас 199/2025 за работно место КДР 0102Б04112 - Раководител на Финансиско одделение и сметководство, Сектор за финансии, сметководство и комерција (јавни набавки)**

1. **Не се врши избор** на кандидат за вработување на административен службеник по Јавен оглас 199/2025 за работно место КДР 0102Б04112 Раководител на Финансиско одделение и сметководство, Сектор за финансии, сметководство и комерција (јавни набавки)

2. Оваа Одлука стапува на сила со денот на нејзиното објавување на интернет страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

**О б р а з л о ж е н и е**

По барање на ЈП НИСКОГРАДБА Охрид, Агенцијата за администрација на ден 26.04.2025 година објави Оглас број 199/2025 на својата интернет страница како и во дневните весници Нова Македонија, Вечер и Коха за потребата од вработување на административен службеник на работното место од точка 1 на оваа Одлука.

Со Решение за формирање на Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас на Агенцијата за администрација бр .10-843/3 од 02.05.2025 година формирана е Комисија која ги спроведе сите фази од постапката за вработување на административен службеник.

Комисијата за селекција согласно прописите за административни службеници и Правилникот за систематизација на работни места во јавното претпријатие спроведе административна селекција со Записник бр.10-843/4 од 12.05.2025 година и наш арх.бр. 04-360/14 од 13.05.2025 година и наш арх бр.13.05.2025 година. Истата констатирала дека на огласот за горенаведеното работно место се пријавил 1(еден) кандидат и истиот бил неуреден. Како причина за неуредноста се наведува дека кандидатот нема прикачено соодветен доказ за работното искуство во приватен сектор со високо образование.

Имајќи го во предвид горенавденото Директорот на Јавното претпријатие за изградба, одржување, реконструкција на локални патишта и хидротехнички објекти НИСКОГРАДБА ОХРИД-Охрид одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука дозволена е Жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 8(осум) дена од денот на нејзиното објавување на интернет страната и огласната табла на Агенцијата за администрација на РСМ

**ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД - Охрид**
**Директор**
**Александар Трпеноски**

Доставено до:
- Архива
- Кандидатот
- Човечки ресурси
- Агенција за администрација